**Триглав Осигурување АД, Скопје**
бул. 3-та Македонска Бригада бр. 36
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на субјекти регистрирани за вршење на дејноста процена

УС-опо-проц
18-8-мк

**член 1: воведни одредби**

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на проценувачи се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општи услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие посебни услови.

**член 2: осигурени опасности**

[1] Со осигурувањето е покриена одговорност на осигуреникот за штета поради стручни грешки при извршување на регистрираната дејност на осигуреникот и вработените лица кај него во согласност со позитивните законски прописи.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против осигуреникот ја побаруваат трети лица.

**член 3: неосигурени опасности**

[1] Покрај исклучоците кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувачот не ги покрива оштетните побарувања за штета:

1) која настанала во врска со плаќање награда и надомест на трошоци за работа на проценителите;
2) која настанала врз основа на незадолжително советување на осигуреникот;
3) која настанала како последица на злоупотреба на доверливи информации за кои дознал при извршување работи како проценител, од страна на осигуреникот и вработените лица кај него;
4) која ја предизвикало трето лица на кое проценителот му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување дејност (давање печат на употреба на трето лице и сл.);
5) заради договорно проширување на одговорноста на осигуреникот и во случаи кои по законот не спаѓаат во вршење на дејноста процена;
6) сопствени штети настанати на договарачот или осигуреникот;
7) заради не одржување на рокови, доколку за тоа е одговорен клиентот;
8) штети поради загуба на електронски податоци.

**член 4: обврски на осигурувачот**

[1] Ако не е поинаку одредено, осигурувачот исплаќа заедничка оштета од сите осигурени случаи во една година кои изнесуваат најмногу двојно од договорената сума на осигурување.

[2] Во случај на исплата на двојна сума на осигурување, осигурителното покритие може да се продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај, премијата се одредува посебно.

**член 5: право на регрес**

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот, во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за која, на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.